Eмсаљ 4-

Прием на странки: понеделник и четврток од 11:00 до 14:00 часот

**Република Македонија**
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Гордан Станковиќ**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Скопје 1 и Скопје 2**
**тел: 3239-631;3216-909**
**е-маил:izvrsitel@gstankovic.com**
**Лице за контакт: Виолета**

17 -06- 2019
03 1458Г/

Образец бр.66

**И.бр.1476/2018**

Извршителот Гордан Станковиќ од Скопје, ул.Петар Попарсов бр.36А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК БАНКА АД Скопје од Скопје со и седиште на ул.Св. Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр.47/17 од 28.03.2017 година на Нотар Ана Петровска, против должникот Верка Ристевска од Скопје со и живеалиште на ул.Драчевска 2 бр.12, за спроведување на извршување во вредност 3.024.832,00 денари на ден 13.06.2019 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
(врз основа на членовите 179 став 1, 181 став 1 и 182 став 1 од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: недвижност, запишана во **имотен лист бр.194604 за КО Драчево 2** при АКН на РМ, ЦКН Скопје со следните ознаки:

-КП 12414, дел 0, адреса Драчевска-2 бр.12, број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат К 1, број 2, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 73м²,

-КП 12414, дел 0, адреса Драчевска-2 бр.12, број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат К 1, број 2, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 25м²,

-КП 12414, дел 0, адреса Драчевска-2 бр.12, број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 53м²,

-КП 12414, дел 0, адреса Драчевска-2 бр.12, број на зграда 1, намена на зграда А1-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 26м², која се наоѓа во сопственост на должникот Верка Ристевска.

Продажбата ќе се одржи на ден **03.07.2019 година во 10:00 часот** во просториите на извршител Гордан Станковиќ на ул. Петар Попарсов бр.36А, тел 3239-631, 3216-909.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 1476/2018 од 23.05.2019 година, изнесува **3.120.940,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

-хипотеката што се реализира и прибелешка на Извршителот Гордан Станковиќ воспоставена со Налог по чл.166 од ЗИ, И.бр.870/2018 од 14.05.2018 година.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.530-0109006485-22 која се води кај Охридска Банка АД Охрид и даночен број 5030006240628, најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата.

Уплатата на гаранцијата се докажува со увид во посебната сметка на извршителот од датум еден ден пред одржување на продажбата.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање – дневен весник НОВА МАКЕДОНИЈА и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: Доверител
Должник
Стопанска банка АД Скопје
Град Скопје - Сектор за финансии
- Одделение за наплата на даноци, такси и други надоместоци

Правна поука: Против овој акт може да се поднесе приговор до надлежниот Основен суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.

X

Дигитално потпишан од
Извршител Гордан Станковиќ